Јавно претпријатие ВОДОВОД ц.о.
Ndermarrja publike VODOVOD c.o.
Бр.Nr. 04-1507/2
16.06 2026 год.viti
KUMANOVO - KUMANOVË

Врз основа на член 48 став 4 од Законот за административни службеници „Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), член 2 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас (Службен весник на РСМ бр.259/2024),ВД Директорот на ЈП ВОДОВОД Куманово објавува:

Интерен оглас бр.1/2026
за унапредување на административен службеник во ЈП ВОДОВОД Куманово

Јавно претпријатие ЈП ВОДОВОД Куманово објавува Интерен оглас за унапредување на еден административен службеник за следново работно место:

1. **КДР0102В01020 Советник за матична евиденција и наплата** во Одделение за наплата(следење на наплата) во Сектор за финансии,сметководство и комерција

(1) Посебни услови утврдени со Законот за административните службеници/ друг посебен закон или колективен договор за стручен административен службеник од прво ниво од категоријата В1 се:
- најмалку ниво на квалификации VIA според Македонската рамка на квалификации, односно завршен VII/1 степен
- вид на образование : економски науки,општествени науки-право
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски)
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- работно искуство, и тоа:
  за нивото В1 најмалку три години работно искуство во струката

Општи услови:
- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Посебни работни компетенции
решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни и
- финансиско управување

Работното време:

- **Работни денови** понеделник – петок
- **Работни часови неделно** 40
- **Работно време** од 08 до 16
  Опис за работното време со почеток на работното време од 08 часот и завршеток на истото 16 часот
- **Паричниот износ нето плата изнесува 40.755,00 денари;**

Напомена: со кандидатите се спроведува интервју

На Интерен оглас може да се јави административен службеник вработен во ЈП ВОДОВОД Куманово кој ги исполнува општи и посебни услови за пополнување на работно место пропишани за соодветно ниво во Закон за административни службеници и Правилникот за систематизација, при што административниот службеник треба да ги исполнува и следните услови:

- Да е оценет со оцена А или Б при последното оценување
- Да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија за работно место за кое е објавен интерен оглас
- Да поминал најмалку три години на тековно работно место и
- Да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавување на интерен оглас.

Кандидатите кон пријава покрај докази за исполнување на општите и посебните услови можат да ги приложат и следните докази:

- Потврди за успешно реализирани обуки или
- Потврди за успешно реализирано менторство.

Рокот за пријавување на интерен оглас е 5 (пет)дена сметано од денот на објавување на интерен оглас.

Заинтересираните административни службеници поднесуваат пополнета пријава и докази за исполнување на општи и посебни услови за работното место (доколку истите ги немаат предходно доставено во персонално досие) преку архива на претпријатието до Раководител на Сектор за општи и правни работи и човечки ресурси на адреса ЈП ВОДОВОД ул.Фетка Наскова бр.22 Куманово со назнака за Интерен оглас.

Образецот за пријава за унапредување се подига од Архива на ЈП ВОДОВОД Куманово .

Во пријава кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни и доставените докази верни на оригиналот.

НАПОМЕНА:Кандидатот кој ке внесе лажни податоци во пријавата се дисквалификува од понатамошна постапка.

Ненавремени и некомплетни пријави нема да се разгледуваат.

ЈП ВОДОВОД Куманово
ВД Директор
м-р Игор Липковски

Јавно претпријатие - Ndermarrja publike
ВОДОВОД п.о. VODOVOD c.o
Куманово-Kumanovë